*ДВАЈЦА УМЕТНИЦИ ОД КОСОВО*
*TWO ARTISTS FROM KOSOVO*

# *ИСЛАМАЈ – ISLAMAJ*
# *ТРИФИЌ – TRIFIĆ*

*Музеј на современата уметност, Скопје*
*Museum of Contemporary Art, Skopje*
*март 1990*

# *АЗИЗ ИСЛАМАЈ*

*АЗИС ИСЛАМАЈ го започнува своето уметничко творештво веднаш по дипломирањето на Академијата на уметностите во Приштина (1980). Неговото учество на заедничките изложби на Здружението на ликовните уметници на Косово а особено неговото представување на последниот Пролетен салон (1986, 1987), покажаа дека скулпторот А. Исламај е преокупиран од обликување на формата со изворни мотиви и трилогиските содржини од самиот живот: духот, природата и искажувањето. Во оваа прстенеста трилогија неговиот агол на набљудување не се ограничува во однос на мотивацијата, туку има отворена димензија во однос на чувството и природната убавина.*

*Верен на творечкиот дух, на она што ги поттикнува емоциите, тој уметнички ја разложува идејата на искажувањето за она што некогаш било и за она на што треба денес да се потсетиме. Причината за тоа ја обликувал на трасата на отворениот творечки пат, со што уметникот создава рамнотежа на формите во односите на длетото и материјалот — дрвото, светлината и сенката и оптичката лага. Исламај, концентриран врз материјалните и духовните извори на народот, ги изнесува на виделина реликвиите на времето, изворниот фолклор на Дренца, транспонирајќи го сето тоа со творечко степенување. Реликвиите ги заменува со неореликвии, со етнографија во современата монета, народната песна со циклична соната или со синфониска поема. Уметникот го истражува со творечка инвенција суштественото во контекст на особената материја, обемните маси, структуралните градини, но „заборавајќи“ ја смислата во визијата на набљудувачот. Така А. Исламај, објективната дилема поставена во творечкиот процес и изборот на формата и содржината ги врши и обликува во единствено творечко обликување со што создава можност за осознавање и уживање во своето уметничко дело. Скулпторот го гради своето дело во смирен ритам на уметничка игра на светлоста и сенката. Со таков ритам тој го потенцира сведоштвото на времето и духовниот оптимизам, додека со зголемениот обем на играта на светлината и сенката ги потврдува знаците на објективниот и субјективниот свет. Како резултат на тоа е одразот на динамиката и статиката на неговото дело. Видливата динамика и скриената статика во општата маса на полното скулпторско обликување се наоѓа во двобојот на изразот и целината на обликот што на неговото дело му дава естетска вредност.*

*Новата нота што уметникот ја означува на своето дело е гносолошкото истражување на човечкото битие со сведоштво на неговиот оптимизам, за „заборавените работи“ и формите што се издвојуваат од некогашната судбина барајќи подобро приспособување и нова надеж.*

*Кохерентниот одраз во изворната структура е извајан со особено внимание, во сите варијанти, било како објект во богатството на природата, било како субјект во поединечното сеќавање. Затоа и можеме да речеме дека скулптурата на А. Исламај е потврда на виденото, почувствуваното, но и уште повеќе, на имагинарното богатство што во творечкиот чин ја одразува богатата креативност.*

*Реџеп Кочи*

*АЗИС ИСЛАМАЈ*

*Роден во село Мурги кај Србица 1952 година. Дипломирал на Академијата за ликовни уметности во Приштина 1980.*

*САМОСТОЈНИ ИЗЛОЖБИ:*

*1982 — Глоговац, ЦСУО „Маршал Тито“*
*1986 — Србица, Галерија Дома културе*

*ГРУПНИ ИЗЛОЖБИ:*

*1980 — Приштина, Изложба „Диплома '80“, Галерија уметности*
*1981 — Приштина, Изложба „Револуцијата тече“, Галерија уметности*
*1982 — Приштина, Есенска изложба на Здружението на ликовните уметници на Косово, Галерија уметности*
*1983 — Приштина, Изложба „25-годишница на ЗЛУ на Косово“, Галерија уметности*
*— Приштина, X пролетен салон на Косово, Галерија уметности*
*— Приштина, Есенска изложба на Здружението на ликовните уметници на Косово, Галерија уметности*
*1985 — Приштина, Есенска изложба на Здружението на ликовните уметници на Косово, Галерија уметности*
*1986 — Приштина — XIII пролетен салон на Косово, Галерија уметности*
*1987 — Приштина, XIV пролетен салон на Косово, Галерија уметности*
*1988 — Приштина — Есенска изложба на Здружението на ликовните уметници на Косово, Галерија уметности*
*1989 — Приштина, XVI пролетен салон на Косово, Галерија уметности*

*НАГРАДИ:*

*1980 — Приштина, Награда на Академијата на уметностите „Диплома '80“*
*1981 — Приштина, Откупна награда за скулптура на Галеријата на уметностите*
*1988 — Приштина, Награда на Здружението на ликовните уметници на Косово на есенската изложба*

9. ЕЛЕК, 1984
дрво-гајтан, 34 x 25 x 20

13. ЗА ЕГЗИСТЕНЦИЈАТА, 1986
дрво, 51 x 47 x 22

15. МАЈЧИНА ПРЕГРАТКА, 1988
дрво, 42 x 19 x 15

20. ПТИЦА И ДЕЛФИН, 1989
дрво, 125 x 58 x 38









*КАТАЛОГ*

1. *СИРОТИЦИ, 1977*
   *дрво, 30 x 25 x 13*
2. *МАЈКА СО ДЕТЕ, 1979*
   *дрво, 27 x 18 x 16*
3. *ФОРМА НА ПТИЦА, 1979*
   *дрво, 45 x 40 x 23*
4. *ПТИЦА И МОРСКИ ПЕС, 1980*
   *камен, 17 x 22 x 14*
5. *СТАРЕЦ КОЈ ЧИТА, 1980*
   *дрво, 35 x 15 x 16*
6. *ОД ДЕТСТВОТО, 1982*
   *камен-коноп, 21 x 22 x 16*
7. *БИСАГИ, 1984*
   *дрво-гајтан, 25 x 17 x 14*
8. *ОПИНЦИ СО РАБ, 1984*
   *дрво-коноп, 28 x 14 x 12*
9. *ЕЛЕК, 1984*
   *дрво-гајтан, 34 x 25 x 20*
10. *СИМБОЛИКА ЗА КНИГАТА, 1985*
    *дрво, 53 x 27 x 23*
11. *КРЕМЕН И ЈАНТАР, 1985*
    *дрво, 37 x 21 x 15*
12. *КЛОПЧЕ ВО ВРЕТЕНО, 1985*
    *дрво-гајтан, 23 x 45 x 22*
13. *ЗА ЕГЗИСТЕНЦИЈАТА, 1986*
    *дрво, 51 x 47 x 22*
14. *ЗАГАДУВАЊЕ НА СРЕДИНАТА, 1988*
    *дрво, 32 x 36 x 25*
15. *МАЈЧИНА ПРЕГРАТКА, 1988*
    *дрво, 42 x 19 x 15*
16. *ЗМИИ НА СТЕНА, 1988*
    *дрво, 18 x 14 x 10*
17. *ДВА АКТА, 1988*
    *дрво, 32 x 19 x 17*
18. *ОРО I, 1988*
    *дрво, 37 x 26 x 23*
19. *ОРО II, 1988*
    *дрво, 37 x 26 x 23*
20. *ПТИЦА И ДЕЛФИН, 1989*
    *дрво, 125 x 58 x 38*

# ТОМИСЛАВ ТРИФИЌ

Својот пат на формирање во графиката и цртежот, ТОМИСЛАВ ТРИФИЌ го започнува уште на студиите на Академијата на уметностите во Приштина. Од тогаш па до денес името на овој автор е присутно на бројните заеднички изложби што ги организира Здружението на ликовните уметници на Косово и Здружението на ликовните уметници за применетата уметност на Косово. Неговиот талент е забележан на VII пролетен салон на Косово (1980), кога неговото дело „Патека“ беше наградено од жирито. Неговата творечка сила се потврди на XVI пролетен салон на ликовните и применетите уметници на Косово (1989) кога ја доби наградата на Салонот за делото „Пат во непознато“.

Уметничките дела (графики и цртежи) на овој млад автор ги карактеризира сугестивен израз што во повеќе случаи е синтетизиран со живата природа. Томислав Трифиќ (убавите) природни облици ги транспонира во (убави) уметнички облици или, подобро речено, природната реалност ја испреплетува со духовната **реалност.** Разбирањето на реалноста тој не го раздвојува на познавање и непознавање, туку двата пристапи ги усвојува паралелно давајќи поводи за доживување. Томислав Трифиќ во своите дела како да ги осмислува работите и појавите што ги обиколуваат, одразувајќи ги така импулсите на сопственото битие кон естетските категории, убавото и неубавото, со разбирлив графички јазик, кој на аудиториумот му го нуди она што постои во логичкиот квадрат и она што се случува во духовното представување на човекот. Така, неговата линија час се „задржува“ пред успокоеноста на површината на предметите, час се „движи“ пред духовната вознемиреност. Успокоеноста и неспокојството на неговите графики како да се „збратимени“ во неговата уметничка постапка.

Томислав Трифиќ своите графики и цртежи ги создава врз база на познатите принципи на композицијата. Правилата на графичката композиција ги поставува низ облиците, ритмичкото означување на боите, тоналната површина и врамнотежените акценти. Формите на предметите ги распределува еднаш со отворена, другпат со затворена линија.

Во последните свои дела формите на предметите ги распоредува низ структурата на површината давајќи им нова изразна димензија. Од точката на гледањето (на она што сака да го назначи) до целината на формата и содржината, Томислав Трифиќ својот обид на осознавање го транспонира како „говорен текст“, како взаемна поврзаност на објектот со субјектот. Тоа се случува затоа што уметникот ги сака обележјата на животот во кој живее, дури и оние најдискретните што ги назначува со свесна дистанца. Така, може да се констатира, во овие дела се гледа ширината на обликуваните слики, функцијата на истражувањето и усовршувањето, „полето“ на односот помеѓу реалното барање и визуелната функција. Тоа ја прави уметноста на Томислав Трифиќ подоследна во нејзината внатрешна структура, тоа ја прави поблиска на визијата на набљудувачот. Неговите моментни впечатоци за природата не се задржуваат само на моментниот пристап: тие впечатоци се многу подлабоки — во доживувањето; тие се преобразуваат во емоции и се враќаат како објект на духовното богатство.

*Реџеп Гочи*

*ТОМИСЛАВ ТРИФИЌ*

*Роден во Липљан 1949 година. Дипломирал на Академијата за ликовни уметности во Приштина 1978 година. Завршил постдипломски студии на Факултетот за ликовни уметности во Белград 1982 година.*

*САМОСТОЈНИ ИЗЛОЖБИ:*

*1977 — Приштина, ОРА „Ибар-Лепенец“*
*1978 — Грожњан, Галерија УЛУ Косова*
*1979 — Нови Сад, КЦО „Соња Маринковић“*
*1981 — Белград, Галерија графичког колектива*
*1988 — Приштина, Клуб уметника*
*1989 — Приштина, Галерија уметности*

*ГРУПНИ ИЗЛОЖБИ:*

*1977 — Приштина, Прва генерација на ликовни уметници на Косово, Фоаје ПНП*
*1978 — Приштина, V пролетен салон на Косово, Фоаје ПНП*
*— Белград, Крагуевац, Ликовното творештво на УЛУС, УЛУВ, УЛУК*
*— Загреб, Сараево, Денови на косовската култура*
*1979 — Приштина, III биенале на цртеж, Галерија уметности*
*— Приштина, VI пролетен салон на Косово, Галерија уметности*
*— Приштина, Годишна изложба на УПУ Косово, Галерија уметности*
*— Приштина Есенска изложба на УЛУ на Косово, Галерија Дома културе „Боро и Рамиз“*
*— Белград, Изложба на графики на студентите на постдипломски студии на ФЛУ во Белград, Музеј „25 мај“*
*1980 — Цетиње, Ликовен салон „13. новембар“, Уметнички музеј СРЦГ*
*— Приштина, VII пролетен салон на Косово, Галерија уметности*
*— Приштина, Годишна изложба на УЛУК, Галерија уметности*
*1981 — Херцег-Нови, XIV Херцегновски зимски салон, Галерија „Јосип Бепо Бенковић“*
*— Приштина, VII пролетен салон на Косово, Галерија уметности*
*— Приштина, IV биенале на цртеж, Галерија уметности*
*— Цетиње, Годишна изложба на УЛУ на Приштина, Галерија Дома културе „Боро и Рамиз“*
*— Приштина, Применети уметници на Косово, Галерија уметности*
*1982 — Приштина, IX пролетен салон на Косово, Галерија уметности*
*— Приштина, Годишна изложба на УЛУ на Приштина. Галерија Дома културе „Боро и Рамиз“*
*— Херцег Нови, XI Херцегновски зимски салон, Галерија „Јосип Бепо Бенковић“*
*— Дубровник, Современа уметност на Косово, Umjetnička galerija*
*— Приштина, Годишна изложба на УЛУ на Косово, Галеирја уметности*
*1983 — Приштина, X пролетен салон на Косово, Галерија уметности*
*— Приштина, Косовски плакат, Галерија уметности*
*— Белград, Современа уметност на Косово, Салон Музеја савремене уметности*
*— Приштина, V биенале на цртеж, Галерија уметности*
*1984 — Крагуевац, Изложба на УЛУ на Косово, Кнез Михајлов конак*
*— Ѓаковица, Изложба на УПУ на Косово, Галерија Дома културе „А. Вокши“*
*— Приштина, Изложба УПУ на Косово, Галерија уметности*
*1985 — Приштина, Изложба „Приштински круг“, Галерија Дома културе „Боро и Рамиз“*
*— Приштина, VI биенале на цртеж, Галерија уметности*
*— Белград, Изложба на графика „Студенти 1950—85“, галерија Дома културе „Студентски град“*
*— Ниш, Изложба на графика „Студенти 1950—85“, Галерија савремене уметности*
*— Љубљана, Изложба „Студенти 1950—85“, Galerija „Rihard Jakopič“*
*— Сараево, Изложба „Студенти 1950—85“, Galerija „Collegium artistcum“*
*— Приштина, Изложба „Студенти 1950—85“, Галерија Дома културе „Боро и Рамиз“*
*1986 — Штудгарт, Изложба на графики на косовски творци, Галерија на југословенскиот КИЦ*
*— Приштина, XIII пролетен салон на Косово, Галерија уметности*
*1987 — Приштина, XIV Пролетен салон на Косово, Галерија уметности*
*— Аранѓеловац, Пет косовски графичари, Музеј во Аранѓеловац*
*1988 — Смедерево, Графика ’88, Дом културе*
*1989 — Приштина, XVI Пролетен салон на Косово, Галерија уметности*

*НАГРАДИ*

*1977 — Прва награда за графика на Здружението на ликовните уметници на Приштина*
*1979 — Откупна награда на Галеријата на уметностите од Приштина*
*1980 — Прва награда за графика на VII пролетен салон на Косово*
*1982 — Прва награда за цртеж на годишната изложба на Здружението на ликовните уметници на Приштина*
*1989 — Награда за графика на Пролетниот салон на Косово*

10. *ИГРА V, 1981*
*комбинирана техника, 74 x 52*

12 *ИГРА VII, 1981*
*комбинирана техника, 74 x 52*

15. *КРУШКА II, 1981*
*комбинирана техника, 88 x 64*

22. *ПТИЦИ, 1977*
*комбинирана техника, 75 x 65*









*КАТАЛОГ*

1. *НЕБЕСКИ СКОКАЧ, 1979*
   *комбинирана техника, 70 x 52*
2. *ПАТЕКА I, 1980*
   *комбинирана техника, 75 x 56*
3. *ПАТЕКА II, 1980*
   *комбинирана техника, 75 x 56*
4. *ПАТЕКА III, 1980*
   *комбинирана техника, 75 x 56*
5. *ЧОВЕК И ПТИЦА,*
   *комбинирана техника, 75 x 56*
6. *ИГРА I, 1981*
   *комбинирана техника, 70 x 50*
7. *ИГРА II, 1981*
   *комбинирана техника, 70 x 50*
8. *ИГРА III, 1981*
   *комбинирана техника, 70 x 50*
9. *ИГРА IV, 1981*
   *комбинирана техника, 70 x 50*
10. *ИГРА V, 1981*
    *комбинирана техника, 74 x 52*
11. *ИГРА VI, 1981*
    *комбинирана техника, 74 x 52*
12. *ИГРА VII, 1981*
    *комбинирана техника, 74 x 52*
13. *ИГРА VIII, 1981*
    *комбинирана техника, 74 x 52*
14. *КРУШКА I, 1981*
    *комбинирана техника, 88 x 64*
15. *КРУШКА II, 1981*
    *комбинирана техника, 88 x 64*
16. *КРУШКА III, 1981*
    *комбинирана техника, 88 x 64*
17. *АКТ И МАСКА, 1981*
    *комбинирана техника, 70 x 50*
18. *АКТ I, 1981*
    *комбинирана техника, 55 x 42*
19. *АКТ II, 1981*
    *комбинирана техника, 55 x 42*
20. *ХАРЕМ, 1981*
    *комбинирана техника, 74 x 52*
21. *КОЖА, 1981*
    *комбинирана техника, 74 x 52*
22. *ПТИЦИ, 1977*
    *комбинирана техника, 75 x 65*
23. *Remedios I, 1977*
    *комбинирана техника, 75 x 65*
24. *ЧОВЕК И ПРОСТОР, 1988*
    *комбинирана техника, 74 x 52*
25. *ДРВОТО НА ЖИВОТОТ, 1988*
    *комбинирана техника, 75 x 65*
26. *ПАТ ВО НЕПОЗНАТО, 1988*
    *комбинирана техника, 75 x 65*
27. *ЧОВЕК И ПРОСТОР II, 1988*
    *комбинирана техника, 70 x 52*
28. *ИГРА IX, 1988*
    *комбинирана техника, 70 x 52*
29. *ИГРА X, 1988*
    *комбинирана техника, 70 x 52*
30. *Remedios II, 1988*
    *комбинирана техника, 70 x 52*

издавач:
музеј на современата уметност скопје
одговорен уредник:
слободанка парлиќ баришиќ
организација на изложбата:
галерија на уметностите, приштина
фотографии:
галерија на уметностите, приштина
ликовно обликување:
стефан георгиевски
печат:
г. з. „гоце делчев"
тираж:
300

publisher:
museum of contemporary art, skopje
editor-in-chief
slobodanka parlić barišić
organization of the exhibition:
arts galery, priština
photographs:
arts gallery, priština
lay-out:
stefan georgievski
printet by:
g. z. „goce delçev"
300 copies